Астални проекции

Книгата е објавена со
поддршка на Град Скопје



Едиција – „Плочка“

Главен уредник
Филип Димевски

Јазична редакција
Ѓоко Здравески

Наслов на оригиналот:
Ѓоко Здравески, Ана Голејшка Џикова, Фросина Стојковска
АСТАЛНИ ПРОЕКЦИИ

Компјутерска обработка
Бегемот

Дизајн на корица
Славе Ангелов

© Сите права на изданието ги има БЕГЕМОТ ДООЕЛ – Скопје. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Астални проекции

Бегемот
Скопје, 2018

астал да блиста, бејбе • Ѓоко Здравески

1.
Астални ги измислив за да се вратам дома, во Скопје. Тоа беше основната причина, никулецот, сѐ друго дојде потоа. Таа 2014 година полека си заминував од својот дом во Белград и ми требаше нешто што ќе ме вкотви во Скопје, нешто што ќе биде причина да се враќам почесто. И токму во Белград се роди идејата за Астални. Концептот со два круга во кои се чита нешто свое и трет круг во кој се чита нешто омилено од друг автор го презедов од своите пријатели од *Totalno ARGH*. Во тоа време домаќини на Далматинска 7 беа Ана Марија Грбиќ, Данило Лучиќ и Стефан Костадиновиќ. Астални од самиот почеток отидоа во сосема друг правец, но за идејата им благодарам ним.

2.
Се разбира, тогаш не знаев дека ќе се викаат „Астални проекции“. И тоа дојде подоцна, во една „ноќ разбушавена од ветрот“, кога на еден долг астал во меаната „Илинден“ во Дебар Маало се бевме собрале дваесетина поети и поетеси. Ана и јас седевме на едниот крај од масата, видно „уозбиљени“ и благо поднапиени и ги набљудувавме останатите, сите разџагорени, замуабетени во неколку различни муабети, се читаше и поезија на асталот, оти од поетско читање идевме. „Замисли, Ањуш, сите овие убави луѓе да се собираат еднаш месечно некаде, на пример, во *Менада*, и да читаат поезија“. И почнав еден по еден во круг да ѝ ги претставувам присутните. Со најпофални зборови. Го сменив гласот, се разбира, и се претворив во телевизиски водител, оти, како што реков, бевме видно „уозбиљени“ и разубавени. Ана веднаш ја прифати играта и се претвори во водителка од телевизиските екрани. И кога, некаде при крајот на кругот стигнавме до Ненад Јолдески, во мигот кога требаше да го претставиме, Нено, жестоко фалејќи некого во муабет со некого карши себе на масата, гласно изговори: „Феноменален лик!“, претставувајќи се така самиот себеси.

3.
Така тргна работата. Првите „Астални проекции“ се случија на 3 јуни 2014 година во „Менада“. Читавме само свои луѓе, со блиски луѓе во публиката. Потоа дојде летниот распуст, а од септември приказната продолжи да се развива. Тогаш не знаевме каде одиме и до каде ќе стигнеме, но имавме неколку основни принципи на кои ја поставивме работата и на тие принципи инсистиравме до крајот.

„Астални проекции“ се настан што се случува во „Менада“ секој прв вторник во месецот. Во оваа реченица нагласен е зборот **настан**, она што многумина до крајот не го разбраа, па мислеа дека сме ние некаква организација. Не, Астални беа настан и постоеја само во вторниците во „Менада“, од 20 часот до полноќ. По полноќ престануваа да постојат, кочијата се претвораше во тиква, до следниот прв вторник во месецот. Вторник го одбравме намерно, како некаков бош-ден во кој „Менада“ би била секогаш слободна, а и на кафаната добро би ѝ дошло некој да го пополни празниот простор.

Покрај настаните во „Менада“, организиравме и едно читање во Автономната зона на Филозофскиот/Филолошкиот факултет во Скопје за време на студентските протести, на покана на Фестивалот „Браќа Манаки“ 2015 година настапивме во OFF програмата со „Бооозија! Асталот е убав“, а еднаш настапивме и на Паратисима во МКЦ.

„Астални проекции“ ги правевме од чист ентузијазам и желба да се направи нешто убаво за луѓето што сакаат книжевност. Тоа значи дека до крајот функционираме панкерски и андерграунд, без никаков буџет, без никакви официјалности. Тоа ни беше многу важно, Астални да бидат некаков perpetuum mobile, односно да се случуваат самите од себе. Сакавме себеси и на другите да им покажеме дека парите не се пресудни за нешто да се случува. Секој што некогаш се појавил на сцената на Астални го направил тоа по своја волја. А ни доаѓале луѓе од целата земја за да ни читаат и да ни свират, со свои пари, затоа што и ним и нам ни било така убаво.

„Астални проекции“ имаат полнозначно име. Лесно можеа да бидат и „Астрални проекции“, но така ретко кому, можеби на Владимир Лукаш, ќе му текнеше на „Астални проекции“. А, вака, ги добивме и двете имиња. Затоа што, кога ќе кажете „Астални“ веднаш врата до врата ви се и „Астрални“.

Астални беа астални затоа што сакавме да ја тргнеме поезијата од салонот и да ја сместиме во некој почаршиски простор. Во тоа време веќе не постоеше „Точка“ и слем-читањата во неа, „Песнило“ во МКЦ се случуваше еднаш годишно, а за други читања во градот барем ние не знаевме. Покрај тоа, идејата ни беше на иста сцена да настапуваат врвни поетски имиња и целосни анонимуси. И така и беше. Се случи, на пример, во иста вечер да настапат Катица Ќулавкова, Никола Маџиров и Борјан Стојков, кој во тоа време беше средношколец што првпат јавно чита своја поезија.

„Астални проекции“ беа поим за несовршеност, затоа што се случуваа во мигот. Речиси без никакви подготовки, без некои сериозни сценарија. Доаѓавме подготвени дека нема да знаеме што точно ќе се случува и дека ќе треба на самото место цврсто да ги држиме едрата. Не ни успеваше секогаш, но на крајот секогаш преживувавме. Ги прекинавме само еднаш: на 5 мај 2015. Еднаш, дури, од фонијата, која беше наша верна пријателка, успеа да се вклучи и алармот во ГЕМ.

На Астални се прочита врвна поезија и проза, и во првите два круга и во третиот круг, а се прочитаа, богами, и тешки глупости. И бевме свесни за тоа, тоа беше дел од играта. Ситото не ни беше наместено на ситно, иако имаше и луѓе што ги одбивавме. За нивно, за наше и за сечие добро. Луѓето што организираат конкурси најубаво ќе нѐ разберат, оти тие знаат што сѐ стигнува во поштенското сандаче.

Она што ни е исто така многу важно: новите деца што се појавија на Астални. Ана би рекла „со гордост“, а јас ќе речам „со радост“ можеме да кажеме дека на Астални првпат во својот живот

читаа деца за кои допрва ќе се слуша во македонската книжевност, но и не само во книжевноста, затоа што Астални не беа направени само за книжевници, туку за сите што пишуваат. Тоа ни беше една од мантрите: ова е место за поезија, не за поети.

4.
Да се разбереме, Астални не ги правевме само Ана и јас. Астални ги правевме сите што бевме во „Менада“ секој прв вторник во месецот. Но некои луѓе, сепак, ги правеа повеќе од другите и затоа ќе споменам барем неколку имиња, со сиот ризик дека некого ќе заборавам.

За почеток: Фросина Стојковска, со која заедно ги почнавме Асталните. Да, на почетокот бевме тројца. Фросина беше и ни остана официјалниот фотограф на Астални, и секогаш кога и таа ќе беше во „Менада“, радоста ни беше поголема. Иван Шопов, кој ни беше медиумски покровител и на Окно го ширеше словото астално и не пропушташе шанса од публика да се провикне: ПРАВДА ЗА КРАТКАТА ПРОЗА. Васко Марковски, кој прво ни беше диџеј, а потоа ја собра својата тајфа поети и музичари ВИС „Тркалезна маса“. Биљана Стојановска, која со својата како скалпел остра перцепција ни беше тука, во бекстејџот, за сите недоумици што ги имавме. Тома Димовски, илити Тома Зен, кој нѐ собираше на афтерче во Стотројка и во своето ателје во чаршија. Снежана Стојчевска, која се радуваше за Асталните повеќе од сите нас заедно и која во своите тајни чекмеџиња чува повеќе податоци за Астални и од нас. Владимир Мартиновски, кого исто така го чувствуваме како дел од нас и на едни Астални – на шега, се разбира – го прогласивме за уметнички директор. Потоа, сите фотографи што ни фотографираа низ годините: Филип Куновски, Дарко Христов, Тоше Огњанов, Александар Ризински, Оги Анчевски, Роберт Атанасовски, Александра Костадиновска, Петар Крстевски, Натали Рогожарова, Марија Грујовска, Ирена Мила, Тања Рибарска, Диме Данов... Луѓето што ни пуштаа музика или ни свиреа: Марко Чварко, Minstrel's Gallery, Јана Нарајана, Перија, The Planktons, другарите од ВИС „Тркалезна маса“, Дакса и Даре (aka Акад. Мишковски септет), Ана Бе Човече, Добрила Грашеска, Марјан Китановски итн. Секако, Силва и Ѓоко од „Менада“, кои нѐ препознаа од прва и не се распрашуваа многу-многу што ќе правиме во местото што е, сепак, нивна дома. И луѓето вработени во „Менада“ сите тие години, кои долготрпеливо ги издржуваа сите наши аздиси и барања.

И за крај, нешто за Ана Голејшка Џикова. Не можев ни да замислам подобар ортак од Ана за оваа идеја. Ич не е случајно што се сретнаа две толку различни човечки природи на едно место, сосема спротивни. Ана беше огнот на Астални сите овие четири години, таа беше нивното двојно Сонце, нивната бодрост. Таа беше змејот на небото што ги привлекува децата. Без неа тоа ќе беа само интимни читања, кои веројатно немаше да траат ни приближно толку долго. Таа со својата лавовска сценичност и со својата мајчинска грижа привлече еден куп луѓе во „Менада“ и ги направи Астални видливи за светот. Ана им ја даде разнобојноста на Астални со своите будалести идеи, со своите колачиња, со очилата во форма на срце, со пластичните круни купени на некоја битпазарска тезга. Ана со својот постојан вознес, занос, *daevu lanos*, со „Бушко, ај да се сликаме“, многу повеќе од мене се идентификуваше со тоа што го правевме, а јас уживав да ја гледам како се занесуе.

И, можеби најважно од сè: постојаното меѓусебно пазење, постојаната поддршка, прегратките и држењето за рака кога имаше потреба за тоа. Ако едниот забегаше или паднеше, другиот беше тука да го преземе кормилото и да го држи правецот.

P.S. Во оваа монографија, за жал, можеме да прикажеме само дел од тоа што се случуваше на „Асталните проекции“ сите тие четириесет вечери. Во оваа книга со свој текст или со слика се претставени само некои од учесниците, а целосниот список на луѓето што се појавиле на сцената во „Менада“ се наоѓа во Индексот на крајот од книгата.



Да се зборува за Астални од моја гледна точка е како да се зборува за другарство полно до врв. Како полна чашка ракија во меана. Од таму и тргна целава работа. Секогаш почнувам со првата голтка случувања.

Е, токму таа голтка од прва се фати на астал во меана „Илинден“. Сега меаната постои под некое друго име, но тогаш под таа стреа се случи востание на зборот и тивкиот договор, што резултираше со Астални проекции подоцна.

Од библиотека во меана значеше само едно – ќе се пие и ќе се зборува за книжевноста. Купче поети по еден настан седнавме како на тајна мисија на астал. Во таа убост на пролетната вечер, јас и Ѓоко Здравески низ шега и игра со ливчиња на кои пишувавме поезија се видовме кои сме и што треба да направиме. Нешто наше, без салонски врати и драперии, без покани на хартија. Без очекувања, со многу љубов, волја и другарство. Името си дојде само по себе. Седнати на астал, какви проекции да имаме, ако не астални? Местото на одржување исто така некако ни дојде како порачано. Кафулето во Чаршија, „Менада“ – наше збирно место и онака, без да му ја мислиме многу, стана вторничка станица за сите што сакаа да се појават, да прочитаат, да се напијат, да се изгубат во толпата.

Од оваа дистанца, па можевме навистина да потраеме само три месеци и да си здосадиме сами себеси и секому. Да правиш книжевен настан во Скопје, не е баш најпопуларната работа на светот. Сепак, на асталната сцена, поминаа безброј поети, прозаисти, знајни и незнајни, наши и странци, перформанси и тракатанци. Еден шаренолик свет кој никогаш не се стремеше да стане комерцијален симбол, продажно тело или да кокетира со штогоде материјално. И можеби и затоа траеше така. Само од себе.

По 4 сезони поезија, перформанси, вино и вистина, богами, еве сме. Во Монографија. Зачувани од заборав? Претешки зборови. Ама за моето кревко его, навистина значи да ги имаме сите овие години запишани во книга. Некаква трага е убаво да постои.

Како да раскаже човек што сè поминало, било и треба да се смести во корици? Астални се еден отсечок од реалноста што ни помогна нам во рекреирањето друга реалност. Книжевна, поетска, прозна. Пред сè, другарска. Не сме и нема да бидеме совршените селектори на поезијата, но ќе се собираме и во иднина за да ја кренеме „Менада“ во облаци или длабоко долу. Енергијата е онаа што го (п)оддржуваше амбиентот на Астални таков каков што многумина го познаваа. И што, понекогаш, го бараат да се повтори.

Којзнае дали ќе асталчиме во иднина, но знам дека ќе пишуваме и ќе растеме. Тоа е најголемата придобивка од нашите собирања. Музика на зборот – како „на здравје!“ со чашка ракија и ветре на покривот.

Нештата во мојот живот, ако морам да ги врзам временски, ги помнам според поглавја, именувани според некој настан, луѓе или приказна. Тоа е затоа што како што често си се правдам: јас немам хронологија, односно не ги помнам настаните хронолошки. И сите макар и сосема неповрзани други нешта од временскиот период што се совпаѓал со тоа нешто или тие некои, ми се сместени под истиот поднаслов, без некој посебен ред. Можеби во некакви фиоки, подредени според лица, места или, најмногу, годишно време. „Астални проекции" ми е токму тоа. Поглавје. Не можам со сигурност да го кажам бројот на поглавјето според редоследот, но дефинитивно знам дека не се многу таквите нешта според кои именувам раздобја во она малку од животов што го помнам.

Периодот „Астални" ми почнува кратко време пред воопшто да бидат конципирани „Астални-те проекции" кога некако, по игра на случајностите, на некое читање се запознав со неколку луѓе што подоцна, ако не повеќе, ги гледав речиси секој прв вторник во месецот, а името си го доби на еден меански астал, по некое друго читање или некаква промоција, кога Ѓоко (барем мојата не секогаш доверлива меморија така кажува) изрази желба да си се собираме понекогаш и да си читаме, онака за нас, за ќејф, и на шала на смеа му дадоа форма и живот со Ана, уште тогаш, и двајцата тотално немајќи претстава каква лудорија ќе излезе од тоа обично нафрлање идеи и правење филмови. И јас тогаш не знаев, нормално, дека цело едно животно поглавје ми се крштева таа вечер. Иако, толку бев некако возбудена тој период кога и да се сретнев со некој од од тие луѓе, што сега ми се чини логично што баш според нешто што ми се случило со нив ќе ми биде именувано.

Уште тогаш се наѕираше однекаде понатаму често споменуваниот вознес со кој изобилувавме, кој понекогаш можеше да биде и веројатно беше толкуван како да си придаваме некоја којзнае каква важност, но всушност беше само една чиста и обична радост. Радост што постоиме. Радост што си се најдовме. Радост за будалаштините и за желбата за создавање, за слушање, за да бидеме слушнати. Јас, се разбира, никогаш не се осмелив да читам и да бидам слушната, а дури понекогаш мислам и дека се обесхрабрив уште повеќе гледајќи како се развиваа работите со текот на времето. Па така, полека, од некаков си дел од целото склопување, станав немиот набљудувач и хроничар. Јас, бесхронолошкиот хроничар. И многу фино ми легна таа улога на човекот зад камерата, тоа постојано препознавање фаци што најчесто воопшто и ме немаа забележано, иако голем дел од нив си имаа селектирано фотографија што сум им ја направила за профилна слика на Фејсбук. На тој начин периодот „Астални" од историјата на мојот живот го врати во мене ценењето на убавината на набљудувањето. Велам го врати зашто тогаш се присетив дека и во некои други мои поглавја именувани според други нешта што сигурно ќе останат неспоменати во некакви монографии веќе и бев набљудувач. Во Астални се „набљудив" себеси како набљудувач. И затоа и воопшто не ми пречеше таа улога на некојси горе-долу официјален фотограф на „Астални проекции".

Зад задолжителната фонија од микрофоните во „Менада“, тие вторници за многумина станаа важни како државни или верски празници. Не само зашто ни беше толку убаво и забавно сето тоа, туку и затоа што на таа мала сцена што си ја создававме поезијата земаше збор во секакви форми и од сечии гласни жици. Се оставија настрана поделбите на висока и ниска, на културна и суб-културна, на објавена и необјавена, позната или непозната, надежна или безнадежна уметност. Во истата вечер рецитираа Лилјана Дирјан, Катица Ќулавкова, Гордана Јовиќ-Стојковска, Михаил Ренџов, Никола Маџиров, Владимир Мартиновски или други со средношколци, со прочуени и непознати фејсбукаши, твитерџии или блогери, со срамежливи новајлии, со еден куп нови гласови и „one-hit wonder“-и. Се слушаше секаква поезија. Се слушаа секакви приказни. Кој, веќе не беше важно. Важно беше – што. Важна беше поезијата. Уште поважно, веројатно, беше дружењето, споделувањето, заедништвото. Споделувањето и разбирањето. Важни беа стотиците луѓе што доаѓаа, сите што читаа и што не читаа. Астални значеше прибежиште од лудилото во кое се наоѓавме со години. Астални значеше бришење на купот прав и пајажини насобран околу панкот како идеологија и филозофија на живот. Крик против конформизмот, против консумеризмот, нееднаквоста, против мејнстримот, елитизмот, интелектуализмот... Крикот што не можеше да остане нечуен.

И сè си мислам пишувајќи сега за нешто што звучи толку сериозно – „Монографија“, на нешто што почна толку на смеа на шала – „Астални проекции“, дека во сето ова голема улога играше именувањето, како што веројатно се случува со сè на светов. Именувањето е магично. Таа вечер кога по грешка и по пат беше именувано и ова мое поглавје, сè си мислам дека да не се случеше таа една меѓу илјадници други претходни и следни игри на зборови, муабетот „ај да се собираме и да си читаме“ да останеше неименуван, или наречен, на пример (недајбоже), некаква манифестација или што било претенциозно и сериозно, убедена сум дека ништо од сето ова немаше да биде. Се разбира немаше да биде и да не се најдеа тие дваесетина луѓе на таа маса во таа кафана или да не ми се излегувало тој ден или да не се родев во јули или да не... Сепак, од сите магични нешта што направија да се создадат Астални проекции, убедена сум, нивното именување беше клучно.

И кога некогаш ќе си го раскажувам поглавјето насловено според „Асталните проекции“, знам дека ќе се сеќавам на еден куп поезии, приказни, колачиња, ракии, на шегите на Ѓоко, шаренилото на Ана, на чекањето лајкови, на денсовите низ „Менада“, на првите фотки од Оле и Александра, на претерано црвените фотки од првите Астални, на веројатно секоја поединечна болка предизвикана од моите „socially awkward“ моменти со едно чудо луѓе во Менада (особено некои), на убави и неубави настани, ужасни политички случувања, на протести, плачки, смешки, на драми и трагедии, на сериозни надежи, на умирања и реанимирања надежи и на дефинитивни смрти на сите надежи, на Петре замотан со портокаловата јаболлија (со две л) и плаќањето петрарина, на Шаман шие на машина, ом шаман-аман во 103-ка со Оле, Тома, Гиш, Давор, Петар, Марија, Перо, Калина. На Калина. Ќе се сеќавам на поздравувањето со саати пред „Менада“, на свилени доњи веш, 6 часот наутро во Нерези и една осквернавена ракавица, на самовилските излети на Добрила, на Астал проџекшн репрезент, астал да блиста бејби, на чевличките на Ана и старките на Ѓоко, на еден куп љубовни маки и јадови и уште толку

приказни со убави краеви, на родендени, на дружби, на Шопов и правда за кратката проза, на незапомнливи игри на зборови и скриени и тотално нескриени значења, на Нина, на Биле, на Елена, на Снеже, на Натали, на Васко, на Мартиновски, на Лукаш, на Марко Чварко... На премногу нешта. На неколумина некои. На Ана. На Ѓоко. На себеси. На Менада. Камо среќа да имав малку подобра меморија, па да можев некако подобро да го запомнам сето тоа. Астални. Астални, бе луѓе. Какво поглавје!



• КАЈ И ДА Е, КАЈ И ДА Е

Одмаздата е бел млаз, отровен Жрец
Човек не ти е рамен
твојот пат, божји прст
вперен и прав
одек на екваторот
заледена душа во топли води
одмаздата е млаз, езди на југ!

Сликата ти е недофатна
божја, сатанска, бесмртна
бела, охола ало,
лакома суето, Киту
твојата јасна росна јарост
крвавиот рев
вресот на твојата пена
– грбна лавовска локна

зборот може поверно да те опише
од било која икона, лажен идол

– развратен знак на китоловците –

Милосрдна сржс, срцевино, божилаку
казни ги поганите: скриј ја вистината
’рскавицо на покајанието
послушај го умот на бога
Магу, уживач на морски бездна
– утробата на светот

Цицалче големо
лицето исцели си го од длабочини,

Ламјо совршена
прскава, мрсна, врела, отровна...



Далечни се сите куќи што ги сонувам,
далечни се гласовите на мајка ми што на
вечера ме повикува, а јас трчам кон полињата со жито.
Далечни сме ние како топка што го промашува голот
и оди кон небото, живи сме
како термометар кој е точен само тогаш кога
ќе погледнеме кон него.
Далечната стварност секој ден ме испрашува
како непознат патник што ме буди на половина пат
со прашање „Тој ли е автобусот“,
а јас му велам „Да“, но мислам „Не знам“,
не знам каде се градовите на твоите дедовци
што сакаат да ги напуштат сите откриени болести
и молитвите.
Сонувам за куќа на ридот од нашите копнежи,
да гледам како брановите на морето го исцртуваат
кардиограмот на нашите падови и љубови,
како луѓето веруваат за да не потонат
и чекорат за да не бидат заборавени.
Далечни се сите колиби во кои се криевме од дождот
и од болката на срните што умираа пред очите на ловците
кои беа повеќе осамени, отколку гладни.
Далечниот миг секој ден ми поставува прашање
„Тој ли е прозорецот? Тој ли е животот?“, а јас му велам
„Да“, а всушност „Не знам“, не знам кога
птиците ќе прозборат, а да не кажат „Небо“.

